Врз основа на член 45-д став 1 алинеја 1 од Предлогот на одлука за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, Собранието на Македонската академија на науките и уметностите, на 15 декември 2020 година, донесе

арх.бр.02-3265/2
дата 21.12.2020

# ПРАВИЛНИК
## за постапката за избор на членови
## во Македонската академија на науките и уметностите

Член 1

Со овој Правилникот се уредуваат постапката за избор на членови во работниот состав, за избор на членови надвор од работниот состав и на почесни членови, и за промена на статусот член во работниот состав во статус на член надвор од работниот состав и обратно.

*а) Избор на членови во работниот состав*

**Известување на одделенијата на Академијата**
**за почнување на постапката за избор**

Член 2

Претседателството на Академијата, најмалку десет месеци пред денот кога ќе се врши избор на членови во работниот состав, ги известува одделенијата на Академијата за почнување на постапката за избор, упатувајќи барање за поднесување предлози на потребниот број кандидати за дописни членови, по одделенија со научно или уметничко подрачје/област.

**Поднесување предлози**

Член 3

При поднесувањето предлози, одделенијата треба да го имаат предвид постојниот број членови на одделението, застапеноста на членовите од различни научни и уметнички области во него, расположливиот научноистражувачки и уметнички потенцијал во земјава и бројниот соднос на членовите во одделението со другите одделенија.

Одделенијата се должни, најдоцна во рок од 45 дена од приемот на известувањето од член 2 од овој Правилник, да поднесат предлози до Претседателството за потребниот број кандидати за дописни членови со научно или уметничко подрачје/област.

**Одлука за утврдување на потребниот број кандидати**

Член 4

Претседателството ги разгледува пристигнатите предлози од член 3 од овој Правилник, расправа за нив, ги усогласува предлозите со ставот на Академијата за оправданоста од зголемување на одделенијата со дописни членови, и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Претседателството донесува одлука за утврдување на потребниот број кандидати, по одделенија, за дописни членови, најдоцна во рок од 30 дена од приемот на предлозите од одделенијата.

**Утврдување предлози**
**за потребниот број кандидати за дописни членови**
Член 5

Одделенијата ја разгледуваат одлуката на Претседателството, расправаат и разменуваат мислења за поднесените предлози од член 3 од овој Правилник и, согласно со одлуката на Претседателството, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението, утврдуваат предлози за потребниот број кандидати за дописни членови со научно или уметничко подрачје/област.

За предлозите кои не се прифатени од Претседателството, одделенијата можат, со квалификувано мнозинство од вкупниот број членови на одделението да поднесат предлог со образложено мислење до Претседателството за повторно разгледување на тие предлози.

Одделенијата ги поднесуваат утврдените предлози и образложените мислења до Претседателството, најдоцна во рок од 25 дена од приемот на одлуката.

**Одлука за објавување конкурс**
Член 6

Претседателството, пред да објави конкурс за избор на членови во работниот состав, за избор на членови надвор од работниот состав и на почесни членови, и за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член, ги разгледува утврдените предлози од одделенијата, ги разгледува предлозите со образложено мислење, расправа за нив и со квалификувано мнозинство донесува одлука за објавување конкурс, најдоцна во рок од 20 дена од приемот на предлозите од одделенијата.

Со одлуката за објавување конкурс се утврдува содржината на конкурсот:

– бројот на одобрени места за избор на дописни членови по одделенија со научно или уметничко подрачје/област;
– законските услови за избор на членовите што се избираат;
– органите на установите што можат да поднесат предлог за избор;
– условите и постапката за поднесување на предлогот;
– рокот до кога може да биде поднесен предлогот;
– поблиски услови за нивен избор; и
– други информации од интерес за поднесување на предлогот.

По донесувањето на одлуката за објавување конкурс, Претседателството донесува одлука за формирање комисија од тројца членови од редот на членовите на Академијата во работниот состав за проверка на усогласеноста на предлозите што ќе се поднесат согласно со овој Правилник и со конкурсот (во понатамошниот текст: комисија за проверка).

**Објавување на конкурсот**
Член 7

Конкурсот, чие времетраење е утврдено во член 46 став 5 од Статутот, се објавува на интернет-страницата на Академијата и во најмалку два дневни весника – еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, најмалку шест месеци пред денот кога ќе се врши изборот.

Академијата испраќа известувања за објавениот конкурс до членовите на Академијата во работниот состав, сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и до советите на научните установи.

Академијата ги доставува овој Правилник и Правилникот за критериумите за избор на членови на Академијата до членовите на Академијата во работниот состав, сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и до советите на научните установи.

**Предлагачи**

Член 8

Одделенијата можат да поднесуваат предлози за избор на членови на Академијата во работниот состав, односно на дописни членови, во согласност со член 46 став 2 од Статутот, само за научници или уметници чиишто научни трудови и уметнички творби се од подрачјата/областите на науките, односно уметностите што спаѓаат во нивниот делокруг во согласност со конкурсот, со овој правилник и со правилникот за критериумите за избор на членови на Академијата.

Сенат на универзитет, наставно-научен совет на факултет, наставно-научен уметнички совет на уметничка академија и совет на научна установа поднесуваат предлог за избор на член на Академијата во работниот состав, односно на дописен член, во согласност со член 46 став 2 од Статутот, за кандидат што е или бил во работен однос во институцијата кај предлагачот и ја остварувал својата дејност кај нив во согласност со конкурсот, со овој правилник и со правилникот за критериумите за избор на членови на Академијата.

**Истакнување кандидатура од одделенијата**

Член 9

За време на траењето на конкурсот, образложено мислење за предложување на определен научник или уметник за дописен член може да изнесе секој член на одделението на седница на одделението. Образложеното мислење мора да е поддржано уште од двајца членови на Академијата во работниот состав од соодветното одделение. Член на одделението може да изнесе образложено мислење за еден научник или уметник од соодветното одделение и може да се приклучи кон образложено мислење за најмногу двајца предложени потенцијални кандидати од соодветното одделение.

Член на одделението може да поднесе иницијатива за избор на дописен во редовен член на Академијата, ако поминале најмалку 5 години од неговиот избор за дописен член, а врз основа на достигањата на кандидатот по неговиот избор за дописен член.

За изнесените мислења и иницијативи се води расправа на седницата на одделението. По расправата за секој кандидат, одделението утврдува, со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението, дали постојат основи за истакнување на кандидатурата.

Во утврдувањето на основаноста на кандидатурата за избор на дописен член учествуваат редовните и дописните членови, а во утврдувањето на основаноста на кандидатурата за избор на редовен член учествуваат само редовните членови.

**Содржина на предлогот за истакнување кандидатура**

Член 10

Предлогот за истакнување на кандидатурата, односно за избор на кандидатот за дописен член треба да содржи образложена оцена на научните трудови или уметничките творби на кандидатот.

Кон предлогот треба да бидат приложени:

– биографија на кандидатот;

– список на неговите научни трудови или уметнички творби;

– по еден примерок од неговите научни трудови, литературни или музички творби, односно албуми, каталози и снимки од музичките, сликарските и скулпторските творби;

– писмена изјава од кандидатот за неговата согласност со кандидатурата за избор; и

– други документи предвидени во конкурсот.

Кон предлогот за избор на дописен член поднесен од сенат на универзитет, наставно-научен совет на факултет, наставно-научен уметнички совет на уметничка академија и совет на научна установа, покрај прилозите од став 2, треба да бидат приложени и одделни писмени рецензии со оцена и мислење на двајца рецензенти за научната и уметничката вредност на трудовите, односно творбите на кандидатот.

Во прилог на предлозите поднесени од предлагачите утврдени во член 8 од овој Правилник е содржан и примерок на записникот од седниците на кои се утврдени предлозите.

**Содржина на рецензијата**

Член 11

Рецензијата за кандидатот содржи основни биографски и библиографски податоци за неговата работа, систематизиран преглед и оцена на неговата работа и на неговите резултати, посебно на оние што претставуваат високи достигања односно значаен придонес во науката или уметноста, како и детално образложение на предлогот.

Придонесот на кандидатот мора да биде прецизно прикажан во рецензијата со квалитативни и квантитативни показатели, во согласност со член 45-г од Статутот и со критериумите за избор на членови на Академијата.

Во рецензијата за кандидат од научни области се наведува бројот на трудови во меѓународни и во домашни списанија, бројот на монографии и поглавја во монографии кај значајни издавачи, бројот на воведни предавања и предавања на значајни меѓународни конференции, членство во уредувачки одбори, награди и признанија. Во рецензијата се документира и работата на кандидатот во развојот на нови генерации научни соработници, меѓународната соработка и работата во организирање на науката. Во рецензијата се укажува на делови од творештвото на кандидатот каде што кандидатот бил главен истражувач, одговорен за замислата, организацијата на работата, презентацијата и прифаќањето на резултатите од страна на меѓународната научна јавност. Рецензијата содржи целосни референции за клучните трудови.

За кандидатот од областа на природните, техничките и медицинските науки се наведува и бројот на цитати (без автоцитати на авторите и коавторите) и h (Хиршов) фактор. За кандидатот од областа на техничките науки посебно значење има примената на научните резултати во практиката, патентите и соработката со индустријата.

Во рецензијата за кандидатот од областа на општествените и хуманистичките науки сосредоточени на национални теми се наведува и бројот на трудови во значајни домашни списанија и во монографии од национално значење.

Во областа на уметноста, покрај биографски, библиографски и други податоци за кандидатот и истакнатото дело, рецензијата содржи оцена на тоа дело, при што од особено значење е укажувањето на неговите специфичности и придонеси. Во рецензијата се излагаат и коментираат податоците за реализацијата, изведувањето, изложувањето и прикажувањето на делото, излагањето за монографските и другите истражувања за делото, како и податоци за учество на кандидатите во јавни активности и манифестации од областа на уметноста; се прикажува работата на кандидатот во образованието и развојот на стручниот и уметничкиот подмладок, како и работата на афирмирање на уметноста во пошироката јавност. Рецензијата содржи и преглед на

најважните признанија што му се дадени на кандидатот за индивидуалните резултати и за целокупната активност.

Во заклучокот на рецензијата се сумираат основните ставови на рецензентите во однос на придонесот на кандидатот во својата област, со посебен осврт на оригиналноста и угледот на кандидатот.

Рецензентите се должни да ја проверат и да ја потврдат веродостојноста на податоците за работата на кандидатот, со особено внимание на објавените научни трудови и изданија од угледни/релевантни издавачи.

**Содржина на записникот од предлагачите**

Член 12

Записникот од седниците на одделенијата на Академијата треба да содржи податоци за:

– вкупниот број редовни и дописни членови на одделението;

– бројот на редовни и на дописни членови што присуствувале на седницата; и

– бројот на членови што гласале за усвојување на предлогот за истакнување на кандидатурата.

Записникот од седниците на сенатите на универзитетите, од наставно-научните совети на факултетите, од наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и од советите на научните установи треба да содржи податоци за:

– вкупниот број членови на сенатот на универзитетот, наставно-научниот совет на факултетот, наставно-научниот уметнички совет на уметничката академија и советот на научната установа;

– бројот на членови со научни и со наставно-научни звања;

– бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што присуствувале на седницата; и

– бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што гласале за усвојување на предлогот за избор.

**Полноважни предлози**

Член 13

Предлогот поднесен од одделение на Академијата, ќе се смета за полноважен доколку е утврден со тајно гласање на седница на одделението со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението (за дописни членови), односно од вкупниот број редовни членови на одделението (за редовни членови).

За полноважен ќе се смета предлогот, поднесен од предлагачите утврдени во член 8 став 2 од овој Правилник, што врз основа на одделни писмени рецензии од двајца редовни професори или двајца научни соработници со звање научен советник кои се во редовен работен однос кај предлагачот, е утврден со тајно гласање на седница на: сенат на универзитет, наставно-научен совет на факултет, наставно-научен уметнички совет на уметничката академија, совет на научната установа со мнозинство гласови од вкупниот број членови на сенатот, односно советот, со наставно-научни звања (редовни професори, вонредни професори и доценти) и со научни звања (научни советници, виши научни соработници и научни соработници).

**Проверка на усогласеноста на предлозите**

Член 14

По истекувањето на рокот утврден во конкурсот, Комисијата за проверка, најдоцна во рок од три дена, ја проверува усогласеноста на предлозите согласно со конкурсот, со овој Правилник и со Правилникот за критериумите за избор на членови на Академијата, при што за предлозите што не се поднесени од предлагачите определени во Законот за Македонската академија на науките и уметностите, како и

предлозите што се поднесени по истекот на определениот рок, или што не се утврдени во постапка и според условите определени во членовите од 8 до 13 од овој Правилник, доставува известување до Претседателството да не бидат земени во постапка, за што Претседателството писмено ги известува предлагачите.

Предлозите што се поднесени во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите и со членовите од 8 до 13 од овој Правилник, Комисијата за проверка ги упатува до Претседателството на Академијата, најдоцна во рок од три дена по истекувањето на рокот утврден во конкурсот, за понатамошна постапка.

Предлагачите, во рок од три дена од приемот на известувањето од став 1, можат да поднесат образложен приговор до Претседателството на Академијата.

Претседателството на Академијата, најдоцна во рок од три дена од приемот на приговорот од став 2, го разгледува приговорот и со мнозинство гласови од вкупниот број членови донесува одлука за основаноста на приговорот.

Претседателството е должно да им ги достави уредните предлози на соодветните одделенија, најдоцна во рок од седум дена од нивниот прием.

**Прва седница на одделението**
Член 15

На првата седница на одделението, која се одржува најдоцна 10 дена од денот кога му се доставени поднесените предлози, тоа се запознава со уредните предлози.

**Втора седница на одделението**
Член 16

На втората седница на одделението, која се одржува најдоцна 15 дена по запознавањето со предлозите, одделението именува двајца рецензенти за изработка на одделни писмени рецензии од редот на членовите на Академијата во работниот состав и на членовите на Академијата надвор од работниот состав (за дописни членови), односно од редот на редовните членови на Академијата (за редовни членови), за предлозите, кои му реферираат на одделението за кандидатот и за неговите научни трудови или уметнички творби, согласно со критериумите за избор на членови на Академијата.

Доколку Академијата нема членови за именување рецензенти за предлозите за дописни членови од подрачјата/областите што спаѓаат во нивниот делокруг, таа ангажира надворешни рецензенти (членови на други академии, членови надвор од работниот состав, редовни професори или научни соработници со звање научен советник), при што рецензиите треба да бидат проверени од предлагачот. Претседателството на Академијата со посебна одлука ќе ја утврди висината на надоместокот за ангажираните надворешни рецензенти.

Доколку Академијата нема членови за именување рецензенти за предлозите за редовни членови од подрачјата/областите што спаѓаат во нивниот делокруг, за рецензенти може единствено да бидат именувани членови на други академии, членови надвор од работниот состав, како и дописни членови.

**Трета седница на одделението**
Член 17

На третата седница на одделението, која се одржува најдоцна еден месец по именувањето на рецензентите, рецензентите односно предлагачот, доколку рецензиите се изработени од двајца надворешни рецензенти, ги презентираат рецензиите и даваат образложено мислење, по што одделенијата расправаат за поднесените предлози и со тајно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението, се изјаснуваат за нив.

Предлозите за избор на дописни членови одделенијата ги утврдуваат со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението, а предлозите за избор на редовни членови одделенијата ги утврдуваат со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број редовни членови на одделението.

Одделението може да реши во бројот на членови што е неопходен за гласање да не се вбројуваат оние членови кои од сериозни здравствени причини подолго време не учествуваат во работата на одделението.

**Разгледување на предлозите за избор на член во работниот состав од Претседателството на Академијата**

Член 18

Одделението му ги доставува предлозите со резултатите од гласањето на Претседателството на Академијата за натамошна постапка, најдоцна во рок од два месеца откако ги добило предлозите. Записникот од седниците на одделенијата на Академијата треба да ги содржи податоците утврдени во член 12 став 1 од овој Правилник.

Претседателството на Академијата ги разгледува предлозите за избор на член во работниот состав.

Предлозите на одделенијата што се доставени до Претседателството на Академијата по истекот на определениот рок или не се утврдени во постапка и според условите определени во Статутот, со овој Правилник и со Правилникот за критериумите за избор на членови на Академијата нема да бидат земени во натамошна постапка, за што Претседателството писмено го известува соодветното одделение.

За уредните предлози на одделенијата, Претседателството ја утврдува легитимноста на постапката и за секој предлог назначува известител од редот на членовите во работниот состав, по претходно доставен предлог за известител од одделенијата.

Претседателството ги упатува предлозите на Собранието на Академијата.

**Објавување на предлозите**

Член 19

Предлозите од одделенијата за избор на членови во работниот состав, заедно со резултатите од гласањето во одделенијата, биографијата на кандидатот и списокот на неговите научни трудови и уметнички творби, и рецензиитеод одделенијата приложени кон нив се објавуваат во Билтен – вонреден број посветен на изборниот процес, во рок од 20 дена по истекот на рокот утврден во член 18 став 1 од овој Правилник. Билтенот се става на јавен увид, за што јавноста посебно се известува.

Листа на предложените кандидати од одделенијата за избор на членови во работниот состав со рецензиите се објавува на интернет-страницата на Академијата.

Според утврден начин од Претседателството на Академијата, на јавен увид се ставаат и научните трудови, литературните и музичките творби, примероци од сликарските и скулпторските творби на кандидатите, како и албумите, каталозите и други снимки од нивните музички, сликарски или скулпторски творби.

**Поднесување приговор**

Член 20

За предлозите од одделенијата за избор на членови во работниот состав може да се поднесе образложен приговор во рок од еден месец од денот кога тие се ставени на јавен увид.

Приговор на предлогот за избор на членови во работниот состав може да поднесе: член на Академијата, сенат на универзитет, наставно-научен совет на

факултет, наставно-научен уметнички совет на уметничка академија и совет на научна установа.

Навремено поднесените приговори се доставуваат до соодветните одделенија на Академијата, како и до предлагачите кои, во рок од 15 дена од денот кога им бил доставен приговорот, треба да го известат Претседателството на Академијата за својот став во однос на приговорот.

Приговорите на предлозите за избор и ставовите на соодветните одделенија и на предлагачите за приговорите се доставуваат до членовите на Академијата заедно со Билтенот на Академијата во кој се објавени предлозите за избор, најдоцна 15 дена пред седницата на Собранието на Академијата на која ќе се врши изборот.

*б) Избор на членови надвор од работниот состав*
*и на почесни членови*

**Иницијатива со образложено мислење**
Член 21

Иницијатива со образложено мислење за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член може да изнесе секој член на одделението врз основа на објавениот конкурс. Иницијативата со образложеното мислење мора да е' поддржана уште од двајца членови на Академијата во работниот состав од соодветното одделение. Член на одделението може да даде иницијатива само за еден потенцијален кандидат и може да се приклучи кон образложено мислење за најмногу двајца предложени потенцијални кандидати од соодветното одделение.

За основаноста на иницијативата решава одделението на седницата со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението.

**Предлог за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член**
Член 22

Предлогот за избор на член надвор од работниот состав треба да биде составен согласно со членовите 10, 11 и 12 од овој Правилник.

Предлогот за избор на почесен член треба да содржи биографија на кандидатот и оцена на големината на заслугата за развојот на науката и уметноста во Републиката.

**Разгледување на предлозите за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член од Претседателството на Академијата**
Член 23

Предлогот за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член, заедно со резултатите од гласањето, одделението го доставува до Претседателството на Академијата во рокот определен во член 18 став 1 од овој Правилник.Записникот од седниците на одделенијата на Академијата треба да ги содржи податоците утврдени во член 12 став 1 од овој Правилник.

Претседателството на Академијата ги разгледува предлозите за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член.

Предлозите на одделенијата што се доставени до Претседателството на Академијата по истекот на определениот рок или не се утврдени во постапка и според условите определени во Статутот, со овој Правилник и со Правилникот за критериумите за избор на членови на Академијата нема да бидат земени во натамошна постапка, за што Претседателството писмено го известува соодветното одделение.

За уредните предлози на одделенијата, Претседателството ја утврдува легитимноста на постапката и за секој предлог назначува известител од редот на

членовите во работниот состав, по претходно доставен предлог за известител од одделенијата.

Претседателството ги упатува предлозите на Собранието на Академијата.

**Објавување на предлозите**
Член 24

За објавувањето на предлозите за избор на членови надвор од работниот состав и на почесни членови и на листата на предложените кандидати, како и за приговорите во однос на овие предлози се применуваат соодветно одредбите на членовите 19 и 20 од овој Правилник.

*в) Заеднички одредби за избор на членови во работниот состав, членови надвор од работниот состав и на почесни членови на Академијата на седницата на Собранието на Академијата*

**Расправа за секој предлог за избор на член на Академијата**
Член 25

На седницата на Собранието на Академијата се отвора расправа за секој предлог за избор на член во работниот состав, член надвор од работниот состав и на почесен член.

Во почетокот на расправата, известителот на одделението на Собранието му поднесува извештај за предложениот кандидат и за неговите научни трудови или уметнички творби за евентуалните приговори на предлогот и за ставот на одделението и на предлагачот за поднесените приговори.

Собранието може, по предлог на Претседателството на Академијата, да реши во бројот на членови на Академијата што е неопходен за избор да не се вбројуваат оние членови кои од сериозни здравствени причини подолго време не учествуваат во работата на Академијата.

**Избор на членови на Академијата**
Член 26

Изборот на членови на Академијата се врши со тајно гласање, со гласачки ливчиња.

На гласачкото ливче кандидатите за избор се запишани по одделенија и по азбучен ред на нивните презимиња. По името на секој кандидат се запишани бројот на слободни места и бројот на гласовите кои ги добил кандидатот од одделението од вкупниот број членови на одделението.

Гласањето се врши со заокружување на редниот број пред името на кандидатот.

Ако со сигурност не може да се утврди дали е заокружен редниот број пред името на кандидатот, ќе се смета дека гласањето за тој кандидат е неважечко, за што комисијата за спроведување на изборот го известува Собранието на Академијата.

**Комисија за спроведување на изборот на членови на Академијата**
Член 27

Изборот на членови на Академијата го спроведува комисија за спроведување на изборот составена од тројца членови на Академијата од работниот состав, избрани од Собранието, кои од нивниот состав избираат претседател.

Комисијата обезбедува гласачки материјал, го утврдува: вкупниот број членови на Академијата и бројот на присутните членови, бројот на членовите на Академијата кои, според член 15 ставови 3 и 5 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите, учествуваат во гласањето, бројот на членовите кои, според член 25 став 3

од овој Правилник, не се вбројуваат во бројот што е неопходен за избор, бројот на членовите што гласале, бројот на членовите што гласале со заокружување на редниот број на кандидатите, т.е. за нивен избор, бројот на неважечките гласања, и му поднесува писмен извештај на Собранието за утврдените резултати.

**Посебни состаноци**

Член 28

Претседателството на Академијата може, во текот на постапката за избор на членови на Академијата, да свикува посебни состаноци на членовите на Академијата во работниот состав за актуелни прашања во врска со изборот.

*г) Постапка за промена на статусот член во работниот состав во статус на член надвор од работниот состав и за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член*

**Промена на статусот член во работниот состав во статус на член надвор од работниот состав**

Член 29

Ако член на Академијата во работниот состав повеќе од една година не живее во Република Северна Македонија и не учествува во работата на одделението и на органите на Академијата, го известува соодветното одделение за датумот од кога не живее во Републиката, а тоа може да поведе постапка за промена на неговиот статус во статус на член надвор од работниот состав.

Ако членот на Академијата во работниот состав не го извести соодветното одделение за датумот од кога не живее во Републиката, одделението може да поведе постапка за промена на неговиот статус во статус на член надвор од работниот состав по претходни консултации со членот на Академијата.

Одлука за промена на статусот од став 1 на овој член донесува Собранието на Академијата со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Академијата во работниот состав на првата седница на Собранието на која се врши избор на членови на Академијата.

**Промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на член во работниот состав**

Член 30

Ако член на Академијата надвор од работниот состав кој е државјанин на Република Северна Македонија се стекне со постојано живеалиште во Републиката и има континуирана научноистражувачка и уметничка активност во неа, го известува соодветното одделение за денот на стекнувањето.

По истекот на повеќе од една година од стекнувањето постојано живеалиште и од континуираната научноистражувачка и уметничка активност во државата, членот на Академијата надвор од работниот состав, врз основа на објавениот конкурс, може да поднесе барање до соодветното одделение за промена на неговиот статус од член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член.

Член 31

Ако член надвор од работниот состав кој е странски државјанин прими државјанство на Република Северна Македонија, се стекне со постојано живеалиште во Републиката и има континуирана научноистражувачка и уметничка активност во неа, го известува соодветното одделение.

По истекот на повеќе од една година од примањето државјанство, стекнувањето постојано живеалиште и од континуираната научноистражувачка и уметничка активност во Републиката, членот на Академијата надвор од работниот состав, врз основа на објавениот конкурс, може да поднесе барање до соодветното одделение за промена на неговиот статус од член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член.

**Поднесување предлог за промена на статусот**

Член 32

Одделението го разгледува барањето на членот на Академијата надвор од работниот состав за промена на неговиот статус во статус на дописен или на редовен член, утврдува дали се исполнети условите определени во Статутот на Академијата и во членовите 30 и 31 од овој Правилник, по што одделението, на истата седница, води расправа и со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението одлучува дали да поведе постапка за прифаќање на барањето.

Ако одделението одлучи да поведе постапка односно да поднесе предлог за промена на статусот член надвор од работниот состав во бараниот статус на член на Академијата во работниот состав, соодветно се применуваат одредбите од членовите 10, 11 и 12 од овој Правилник.

За други прашања поврзани со текот на постапката за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член, соодветно се применуваат одредбите од постапката за избор на членови во работниот состав од овој Правилник.

Одделението го доставува својот предлог за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член, заедно со резултатите од гласањето, до Претседателството на Академијата во рокот определен во член 18 став 1 од овој Правилник. Записникот од седниците на одделенијата на Академијата треба да ги содржи податоците утврдени во член 12 став 1 од овој Правилник.

**Разгледување на предлозите за промена на статусот од Претседателството на Академијата**

Член 33

Претседателството на Академијата ги разгледува предлозите за промена на статусот член надвор од работниот состав во бараниот статус на член на Академијата во работниот состав.

Предлозите што се доставени до Претседателството по истекот на определениот рок или не се утврдени во постапка и според условите определени во Статутот на Академијата и во член 32 од овој Правилник нема да бидат земени во натамошна постапка, за што Претседателството писмено го известува соодветното одделение.

За уредните предлози на одделенијата, Претседателството ја утврдува легитимноста на постапката и за секој предлог назначува известител од редот на членовите во работниот состав, по претходно доставен предлог за известител од одделенијата.

Претседателството ги упатува предлозите на Собранието на Академијата.

**Одлука за промена на статусот**

Член 34

Собранието на Академијата донесува одлука за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен член со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Академијата во работниот состав, на првата седница на Собранието на која се врши избор на членови на Академијата.

Собранието на Академијата донесува одлука за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на редовен член со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број редовни членови, на првата седница на Собранието на која се врши избор на членови на Академијата.

**Завршни одредби**

Член 35

Роковите предвидени во овој Правилник ќе се сметаат во согласност со одредбите со кои се уредува сметањето на роковите од Законот за парничната постапка.

Член 36

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Билтенот на Академијата.

Претседател,
акад. Љупчо Коцарев